# Западен Балкан GEFF 3 - Шпаркасе банка Скопје 3

**Земја:** Северна Македонија
**Број на проект:** 57311
**Деловен сектор:** Депозитарен кредит (банки)
**Вид на инвестиција:** Приватен
**Еколошка категорија:** ФИ
**Планиран датум на одобрување:** 2 јуни 2026
**Статус:** Одобрен
**Објава на Резиме на проектот на англиски јазик:**

Согласно секција 1.4.2. (iii) од Директивата за пристап до информации: „За проекти одобрени од менаџментот на Банката, каде Бордот на Директори има делегирано право на одобрување, Резимето на проектот ќе биде објавено на почетокот на релевантниот период за немање приговор до земјата членка во Банката, согласно со Член 13 (iii) од Договорот за основање на ЕБОР."

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен необезбеден кредит до 4 милиони евра под Програмата за финансирање на зелената економија на Западен Балкан 3 – Обновување на енергијата (Western Balkans Green Economy Financing Facility III – REpower Residential) (понатаму во текстот како - Програмата).

## Цели на проектот

Кредитот е наменет за кредитирање на финансиски инвестиции во (i) технологии за енергетска ефикасност со високи перформанси, материјали и решенија кои се преземени во или се поврзани со станбени живеалишта и згради во приватна сопственост, (ii) изградба на станбени згради кои се квалификуваат за поддршка за зелена енергетска технологија, со високи перформанси, и (iii) поддршка на проекти кои се квалификуваат за поддршка за енергетска ефикасност и/или обновлива енергија во јавниот сектор (под-проекти), на родово одржлив начин.

## Влијание врз транзицијата

ЕТИ резултат: 70
Проектот ќе придонесе кон Генералните цели и поддршка на **Квалитетите за зелено влијание на транзицијата** со **100%** искористување на средствата за активностите на Транзицијата на

зелената економија, помагајќи во справување со интензитетот на висока енергија и испуштање на јаглерод во станбениот и јавниот сектор во Северна Македонија.

## Информации за клиентот

ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ

**Шпаркасе банка АД Скопје (ШБС)** е универзална комерцијална банка, која е петта по големина во Северна Македонија, со 13,4% пазарен влог според актива на крајот на 2025 година.

## Резиме на финансирањето од ЕБРД

ЕУР 4.000.000,00

## Вкупна вредност на Проектот

EUR 4,000,000.00

## Додадена вредност

Додадената вредност се постигнува со комбинирање на неопходното долгорочно финансирање, со техничка соработка, таргетирани инвестициски поттикнувања и дијалог на политики, во пакет кој промовира станбени зелени економски инвестиции во Северна Македонија.

## Еколошко и социјално резиме

Категоризирано како ФИ (ЕСП 2024). ШБС е постоечки клиент на Банката. Клиентот во моментот ги задоволува еколошките и социјалните барања на ЕБОР, под реден број 2, 4 и 9 под постоечката изложеност на ЕБОР. Под-проектите кои ќе поддржат инвестиции во проекти за енергетска ефикасност и потенцијално обновлива енергија на малите и средни претпријатија во Северна Македонија, а кои веројатно ќе бидат со низок до среден економски и социјален ризик (ЕиС). Клучните ЕиС ризици вклучуваат еколошки и социјален менаџмент систем, капацитет на имплементација, изложеност на сектори со висок ризик или географски одредници во Северна Македонија, трудови, здравствени и безбедносни аспекти и пошироки ЕиС влијанија.

ЕиС проценка е направена преку ревизија на целосниот ЕиС прашалник на клиентот, најновиот годишен ЕиС извештај и јавно достапните информации. ШБС има ЕиС менаџмент систем, кој се смета за соодветен со профилот за ризик на подобните под-проекти, и се очекува да го одржи истиот преку ефикасен пристап, управување и следење на ЕиС ризиците и влијанијата на под-проектите кои ги финансира.

Ќе се бара ШБС да се усогласи со Упатството на ЕБОР за финансирање на МСП, и да биде комплементарна со еколошките и социјалните барања под реден број 2, 4 и 9, од Еколошките и социјални политики од 2024 година, како и да го применува Списокот на исклучоци на ЕБОР

од 2024 година, и да продолжи да доставува годишни еколошки и социјални извештаи до Банката. Финансирањето на крајните корисници од кредитите на ШБС, мора да биде во согласност со националните еколошки, здравствени, безбедносни и трудови регулативи. Доколку финансирањето на ЕБОР е алоцирано на под-проекти од обновлива енергија, истите мора да ги задоволуваат ЕиС критериумите за обновливи извори на енергија на Банката, како и било кои други барања кои се наведени во Изјавата за политиките.

# Зелена проценка

Проектот е усогласен со Парискиот Договор, врз база на апликацијата на ЕБОР за пристап до Парискиот Договор, за индиректно финансирани инвестиции. Определеноста на усогласеност се базира врз апликацијата за столбот 1 (обврска на спротивната страна кон Парискиот Договор) и столб 2 (филтер за под-трансакции). 100% од финансирањето на ЕБОР се класифицира како зелено финансирање, бидејќи поддржува активности за постигнување на целите за ублажување на климатските последици

# Техничка соработка и финансирање со грант

Проектот ќе биде поддржан од пакет за сеопфатна техничка помош на ШБС и под-позајмувачите, за олеснување на подготовката на проектот и успешно имплементирање на Програмата за финансирање на зелената економија на Западен Балкан III.

Изворот за техничка соработка е финансиран од Европската Унија (ЕУ), преку Заедничкиот европски фонд за Западен Балкан (European Western Balkans Joint Fund - EWBJF), преку Инвестициската Рамка за Западен Балкан (Western Balkans Investment Framework -WBIF) и Фондот за соработка на Јапонија.

Изворот за финансирање не-техничката поддршка е обезбеден од ЕУ преку Инвестициската програма за Западен Балкан (WBIF) преку Заедничкиот европски фонд за Западен Балкан (EWBJF).

# Контакт информација за компанијата

Милка Ратајкоска Јолеска
milka.rataikoskajoleska@sparkasse.mk
+389 2 3167 714
www.sparkasse.mk
Васил Иљоски 14, 1000 Скопје, Северна Македонија

# Последно ажурирање на Резимето на проектот

## Резиме за имплементација

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.
За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на
Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата,  проверете на Набавки на ЕБОР:
Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката

верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставaт преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни не усогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.